Почитувани претставници на граѓанските организации,

Të nderuar përfaqësues të organizatave qytetare,

Ви благодариме на интересот за учество на Повикот до граѓанскиот сектор за придонес во подготвувањето на Програмата за работа на Владата на Република Северна Македонија за 2024 година. Пополнетиот образец (заедно со прилозите, доколку ги има) доставете го до Одделението за соработка со невладини организации на Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, електронски на адреса **nvosorabotka@gs.gov.mk со назнака Иницијатива за ГПРВ 2024, до 15.9.2023 година.** Со доставување на образецот потврдувате дека се согласувате вашата иницијатива да биде објавена на веб страницата www.nvosorabotka.gov.mk.

Ju falemnderojmë për interesin e shprehur për pjesëmarrje në Thirrjen deri te sektori civil për kontributin në përgatitjen e Programit të punës së Qeverisë së Repblikës së Maqedonisë së Veriut për vitin 2024. Formularin e plotësuar ( së bashku me bashkëngjitjet, nëse ka) dorëzoni te Njësia për bashkëpunim me organizatat joqeveritare e Sekretariatit të Përgjithshëm të Qeverisë së Republikës së Maqedonisë së Veriut, në mënyrë elektronike në adresën nvosorabotka@gs.gov.mk **me shënim Iniciativa për PVQRMV 2024, deri më 15.9.2023.** Me dorëzimin e formularit vërtetoni se pajtoheni që iniciativa juaj të publikohet në faqen e internetit nvosorabotka@gs.gov.mk.

## Општи податоци за здружението / фондацијата

## Të dhëna të përgjithshme për shoqatën/ fondacionin

Име на здружението/фондацијата: Фондација за интернет и општество Метаморфозис

Emri i shoqatës/ fondacionit:

ЕМБС (матичен број на правниот субјект според податоците во Централен регистар): 5922020

NVAS (numri amë i subjektit juridik sipas të dhënave në Regjistrin Qendror):

Седиште и адреса (улица, број, општина): ул. „Франклин Рузвелт“ бр. 19, кат 2 Општина Карпош, 1000 Скопје

Selia dhe adresa ( rruga, numri, komuna):

Застапник: Бардил Јашари

Proqesverbali:

Веб страница: https://metamorphosis.org.mk/

Faqja e internetit:

Електронска пошта (e-mail): info@metamorphosis.org.mk

Posta elektronike ( e-mail):

Телефонски број за контакт: +389 2 3109 325; 070 327 261

Numri i telefonit për kontakt:

Лице за контакт: Данче Даниловска Бајдевска

Personi për kontakt:

## Предлог- иницијатива за годишна Програма за работа на Владата на Република Северна Македонија за 2024 година

## Propozim-iniciativa për Programin vjetor të punës së Qeverisë së Republikës së Maqedonisë së Veriut Për vitin 2024

**Наслов на иницијативата:** Креирање на Национална стратегија за е-услуги на локално ниво

**Emri ( titulli) i iniciativës:**

**Стратешки приоритет:** (придонес - поврзаност со определен стратешки приоритет на Владата на Република Северна Македонија)

Креирањето на Национална стратегија за е-услуги на локално ниво директно придонесува кон седмиот стратешки приоритет на Владата за 2024 година, односно ‘професионална и ефикасна јавна администрација, поддржана со интензивна дигитализација, оптимална структура и иновативни процеси и техники’.

**Prioriteti strategjik:** (kontributi- lidhur me prioritetin strategjik të caktuar të Qeverisë së Republikës së Maqedonisë së Veriut)

**Приоритетна цел:** (придонес - поврзаност со определена стратешка цел на Владата на Република Северна Македонија)

Креирањето на Национална стратегија за е-услуги на локално ниво директно придонесува кон остварување на следните приоритетни цели: ‘одговорно, отчетно и транспарентно работење на институциите’, ‘зајакнување на внатрешната и надворешната контрола, финансиската инспекција во јавниот сектор, зголемување на транспарентноста и отчетноста во работењето на централно и локално ниво’, и ‘целосна имплементација на Концептот за дигитална трансформација на општеството кој се базира на принципи на владеење на правото, социјална кохезија и јавно приватно партнерство, слободен пристап до информациите од јавен карактер, веродостојни изворници на податоци, „дигиталното е стандардно” и „само еднаш” при испорака на услуги за граѓаните и бизнисите’.

**Qëllimi prioritar:** (kontributi- lidhur me qëllimin e caktuar prioritar të Qeverisë së Republikës së Maqedonisë së Veriut)

**НППА** (поврзаност со пристапни партнерства како и соодветна идентификација на поглавје и подрачје)

Кластер ‘Конкуренција и инклузивен раст’/ Поглавје 10: Информатичко општество и медиуми.

Дигитална агенда за Западен Балкан

**NPAA** (lidhje me partneritetet e pranuara si dhe identifikimi adekuat i kapitullit dhe rajonit)

**Образложение:** (Краток опис на иницијативата: причини за предлагање, предмет на уредување доколку се работи за

**Arsyetim:** (Përshkrim i shkurtër i iniciativës: arsyet e propozimit, lënda e rregullimit nëse bëhet fjalë pë akt

закон или подзаконски акт и надлежен орган на државната управа)

ligjor ose nënligjor dhe organi kompetent i administratës shtetërore)

За разлика од разни иницијативи на национално ниво, недостасува стратешки пристап за дигитализација на локалните услуги како и посветеност од страна на општините за спроведување и унапредување на е-услугите на локално ниво. Во услови на децентрализација, кога општините се надлежни за испорака на многу важни услуги за граѓаните, процесот на дигитализација треба да се одвива паралелно на централно и на локално ниво за граѓанинот лесно и брзо да може да ја обезбеди услугата на безбеден начин и со почитување на принципот "само еднаш."

Дигиталната трансформација на јавните услуги е суштинска за подобрување на институционалната транспарентност и комуникација со граѓаните во време кога барањата и очекувањата од локалната самоуправа се зголемуваат, а ресурсите со кои тие располагаат се намалуваат. Со ефикасно користење на дигиталните технологии може да се воспостави интегриран систем на јавни услуги што ќе овозможи флексибилна, одговорна и безбедна испорака на услуги за сите, како и лесна и транспарентна двонасочна комуникација помеѓу граѓаните и локалната самоуправа. Важно е воспоставениот систем да обезбеди јасна и навремена двонасочна комуникација помеѓу локалната самоуправа и граѓаните, на тој начин овозможувајќи поголема вклученост на граѓаните во градењето на политики и донесување на одлуки на локално ниво, како и искористување на јавни е-услуги на локално ниво.

Креирањето и спроведувањето на Национална стратегија за е-услуги на локално ниво е од суштинско значење за обезбедување на стратешки и унифициран пристап за унапредување на институционалната транспарентност на локално ниво, оптимизирање на испораката на локалните услуги и зголемување на информираноста и учеството на граѓаните во консултативните процеси на општините при донесување на одлуки. Преку вклучување на граѓаните во јавните процеси на локално ниво со користење на разни дигитални технологии, дополнително се придонесува и кон намалување и искоренување на корупцијата. Сузбивањето на

корупцијата е суштинско за зголемување на довербата во институциите, заштитување на демократијата, промовирање правичност и добро управување. Граѓаните ја препознаваат корупцијата како најголем проблем, а корупцивниот притисок и виктимизацијата се значително зголемени.

**Стратегијата воедно треба да базира на потребите на граѓаните за да се воспостави приоритетна листа на услуги за дигитализирање и унапредување на постоечките е-услуги** на локално ниво, заедно со план за транзиција, односно, целосна дигитализација на точно одредени услуги, со определени крајни рокови за дигитализација. Истовремено, Стратегијата треба да предвиди интензивна поддршка на граѓаните во насока на искористување на локалните е-услуги. Дополнително, оваа стратегија треба да предвиди интегрирање на локалните е-услуги на постоечкиот Портал за е-услуги (uslugi.gov.mk). Стратегијата треба да биде поддржана со постојано оценување на искористеноста на е-услугите на локално ниво од страна на граѓаните (информации за бројот на корисници сегрегирани по правни и физички лица, информации за најбараните односно најкористени услуги на локално ниво од страна на граѓаните и компаниите, информации за број на испорачани локални е-услуги, податоци кои произлегуваат од мерење на задоволството на корисниците, итн.) што ќе обезбеди база на податоци која понатаму може да се користи од страна на институциите, граѓанскиот сектор, бизнис заедницата, итн. во поглед на донесување на одлуки, креирање на длабински истражувања и стратегии, како и креирање на иновативни ИТ решенија, осигурувајќи се дека локалните е-услуги соодветствуваат на потребите и вештините на граѓаните за да ги користат истите.

Еден од приоритетите на процесот на креирање на оваа стратегија е и усогласувањето со новововедената Европска легислатива и регулативаа со процесот на надградба на медиумските закони (што е во тек преку проектот EU for Freedom of Expression: Alignment of National Media Legislation with EU Acquis and Media Standards) и идната стратегија ќе го опфати и усогласувањето со Digital Services Act (Закон за дигитални услуги) и Digital Markets Act (Закон за дигитален пазар)

којшто стапи на сила овој месец, како и усогласувањето со идната Директива на ЕУ за слобода на изразување која е во фаза на усвојување.

Надлежни органи за оваа стратегија треба да бидат Министерство за локална самоуправа и 81 единици на локална самоуправа.

**Очекувани влијанија:** (Кои се очекуваните влијанија од предлог-иницијативата)

Очекуваните влијанија на долг рок се:

- Поквалитетен интегриран систем за испорака на е-услуги на локално ниво кој соодветставува на потребите на граѓаните и овозможува флексибилна, одговорна и безбедна испорака на услуги за сите, како и лесна и транспарентна двонасочна комуникација помеѓу граѓаните и локалната самоуправа;
- Дигитална трансформација на локалните услуги и нивна интегрирација на постоечкиот Портал за е-услуги (uslugi.gov.mk), како и омоќени и поддржани граѓаните кои самостојно и свесно ги користат истите;
- Зголемена транспарентност и комуникација со граѓаните на локално ниво преку паметно и соодветно користење на дигиталните технологии;
- Поголема вклученост на граѓаните во градењето на политики и донесување на одлуки на локално ниво, како и искористување на јавни е-услуги на локално ниво, преку системско обезбедување на јасна и навремена двонасочна комуникација помеѓу локалната самоуправа и граѓаните;
- Намалување и искоренување на корупцијата преку дигитално и транспарентно работење на локалната самоуправа, што води кон зголемување на довербата во локалната самоуправа, заштитување на демократијата, промовирање правичност и добро управување;
- Обезбеден системки мониторинг на е-услугите со база на податоци за искористеноста на е-услугите на локално ниво од страна на граѓаните (информации за бројот на корисници сегрегирани по правни и физички лица,

**Ndikimet e pritshme:** (Cilat janë ndikimet e pritshme nga propozim-iniciativa)

информации за најбараните односно најкористени услуги на локално ниво од страна на граѓаните и компаниите, информации за број на испорачани локални е-услуги, податоци кои произлегуваат од мерење на задоволството на корисниците, итн.) која понатаму се користи од страна на институциите, граѓанскиот сектор, бизнис заедницата, итн. во поглед на донесување на одлуки, креирање на длабински истражувања и стратегии, како и креирање на иновативни ИТ решенија, осигурувајќи се дека локалните е-услуги соодветставуваат на потребите и вештините на граѓаните за да ги користат истите.

**Финансиски импликации:** (Дали предлог-иницијативата предизвикува финансиски импликации? Ако има, дали потребните средства се обезбедени и од кои извори?)

Предлог-иницијативата предизвикува финансиски импликации. Потребните средства не се обезбедени.

**Implikime financiare:** (A shkakton propozim-iniciativa implikime financiare? Nëse ka, a janë të siguruara mjetet e nevojshme dhe nga cilat burime?)

**Прилози** (со наведување на авторот на документот):

- Зоран Јаневски, Бардил Јашари, “Анализа на е-услугите во општините во Република Северна Македонија”
- Ирена Бојаџиевска, Наталија Шикова, “Опсерваторија за Дигиталната агенда – Извештај за тековната состојба и патоказ за унапредување на Дигиталната агенда во Северна Македонија” (2022)
- Мемет Мемети, “Индекс на отвореност на локалната самоуправа за 2022 година”
- Бојан Кордалов, Тоше Зафиров, “Дигитална трансформација кон е-општини”
- Јасмина Ристовска, Наташа Димова, “Извештај за процена на корупцијата”

**Bashkëngjitje** (me shënimin e autorit të dokumentit):

Потпис на застапникот

15.09. 2023 година ------------------------------------------------

М.П.

Nënshkrimi i përfaqësuesit

------ 2023 ------------------------------

V.V